COMMITTEE OF MINISTERS
COMITÉ DES MINISTRES

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

**ЗАМЕНИЦИ МИНИСТРИ** Препораки **CM/Rec(2020)1** 8 април 2020 година

# Препорака CM/Rec(2020)1 од Комитетот на министри до земјите-членки за влијанието на алгоритамските системи врз човековите права

*(Усвоена од Комитетот на министри на 8 април 2020 година на 1373-тиот состанот на Замениците министри)*

## Преамбула

Комитетот на министри, согласно член 15.б од Статутот на Советот на Европа,

Земајќи предвид дека земјите-членки на Советот на Европа се посветени на гарантирање на правата и слободите од Конвенцијата за заштита на човековите права и основни слободи (ETS бр. 5, „Конвенцијата“) за секој што е во нивна надлежност, и дека оваа посветеност важи низ континуираниот процес на технолошки развој и дигитална трансформација што го искусуваат европските општества;

Потврдувајќи дека, како резултат на тоа, земјите-членки мора да гарантираат дека секое креирање, развој и тековна употреба на алгоритамски системи е во согласност со човековите права и основни слободи кои се универзални, неделливи, меѓусебно зависни и поврзани во насока на зајакнување на позитивни ефекти и спречување или минимизирање можни неповолни ефекти;

Признавајќи ја зголемената употреба на дигитални апликации како неопходни алатки за секојдневниот живот, меѓу кои и комуникација, едукација, здравство, економски активности и транспорт, нивната зголемена улога во владеачките структури и управувањето и распределувањето на ресурси и фактот дека поврзаните технологии кои користат алгоритамски системи со соодветни иницијативи имаат потенцијал да се осврнат на важните предизвици како што се климатските промени и одржливиот развој;

Така, свесни за сè поголемото влијание, позитивно или негативно, што примената на алгоритамски системи со автоматизирано собирање податоци, аналитики, подготвување одлуки, оптимизација или капацитети за машинско учење го има врз примената, уживањето и заштитата на сите човекови права и основни слободи, и значителните предизвици и за демократските општества и за владеењето на правото, како дополнување на зголемената доверба во алгоритамските системи во секојдневниот живот;

Истакнувајќи ја потребата да се осигура дека расна, родова и друга општествена и трудова неизбалансираност која сеуште не е отстранета од нашите општества не е намерно или случајно наметната преку алгоритамски системи, како и пожелноста овие неизбалансирани аспекти да се адресираат преку употреба на соодветни технологии;

Имајќи предвид дека дигиталните технологии имаат значителен потенцијал за општествено погодни иновации и економски развој и дека постигнувањето на овие цели мора да се заснова на заеднички вредности на демократски општества и е предмет на целосно демократско учество и надзор;

Потврдувајќи дека стандардите на владеење на правото по кои се водат јавните и приватни односи, како што се законитост, транспарентност, предвидливост, одговорност и надзор, мора да се задржат во контекст на алгоритамските системи;

Превод кофинансиран од Европската Унија

Земајќи ги предвид тековните иницијативи во јавниот и приватниот сектор насочени кон изработка на етички водичи и стандарди за креирање, развој и тековна употреба на алгоритамски системи, кои истовремено ги препознаваат ризиците кои овие системи ги наметнуваат на нормативните вредности, не ги ослободуваат земјите-членки на Советот на Европа од нивните обврски како примарен заштитен механизам на Конвенцијата;

Повикувајќи се на обврската на земјите-членки во рамки на Конвенцијата да се воздржат од повреди на човековите права, вклучително и преку алгоритамските системи, без разлика дали тие самите ги употребуваат или резултираат од нивните активности, и нивната обврска да воспостават ефикасна и применлива легислатива, регулаторни и надзорни рамки кои спречуваат, детектираат, забрануваат и корегираат повреди на човековите права, без разлика дали истите доаѓаат од јавни или приватни чинители и дали влијаат на деловни односи, односи помеѓу бизниси и корисници или помеѓу бизниси и други засегнати индивидуи и групи;

Истакнувајќи дека земјите-членки треба да обезбедат усогласеност со применливата легислатива и регулаторните рамки и да гарантираат процедурални, организациски и суштински заштитни механизми и пристап до ефективни правни лекови во поглед на сите релевантни чинители, истовремено промовирајќи опкружување во кое технолошките иновации ги почитуваат и унапредуваат човековите права и се во согласност со основната обврска сите ограничувања на човековите права да бидат неопходни и пропорционални во едно демократско општество и имплементирани во согласност со законот;

Земајќи ги предвид и надградувајќи ги постојните норми, стандарди и препораки на Советот на Европа, како и регионалните и интернационалните норми, стандарди и препораки кои се однесуваат на заштита на човековите права и основни слободи во модерните општества, како и правото во развој на Европскиот суд за човекови права;

Повторувајќи ја важноста на постојните стандарди за заштита на лични податоци, конкретно Конвенцијата за заштита на индивидуи во насока на автоматска обработка на лични податоци (ETS бр. 108) модернизирани со Протоколот за измена и дополнување (CETS бр. 223), истакнувајќи дека влијанијата на алгоритамските системи врз човековите права се пообемни и бараат дополнителна заштита;

Дополнително повикувајќи се на тоа дека чинителите од приватниот сектор, во согласност со Водечките принципи на Обединетите Нации за деловни активности и човекови права, имаат корпоративна одговорност да ги почитуваат човековите права на нивните корисници и на сите засегнати страни и дека, во таа насока, треба да се усвојат флексибилни модели за управување кои гарантираат брзо и ефикасно обештетување и можности за надомест при појава на инцидент, со што ќе се гарантира одговорност за заштита на човековите права која е ефикасно и јасно распоредена низ сите фази на процесот, од предлог фазата преку дефинирање на задачите, избор на податоци, собирање и анализа, моделирање и креирање на систем, преку тековна употреба, преглед и известување;

Прифаќајќи го фактот дека брзиот социо-технички развој бара постојан мониторинг и приспособување на применливите управни рамки за ефикасна заштита на човековите права во комплексно, глобално опкружување и признавајќи ја потребата од редовно обезбедување насоки за сите релевантни чинители од јавниот и приватниот сектор,

Препорачува владите на земјите-членки:

1. да ги ревидираат правните рамки и политики, како нивните пракси во насока на набавување, креирање, развој и тековна употреба на алгоритамските системи за да се обезбеди нивна усогласеност со насоките наведени во прилогот на оваа Препорака; да промовираат нивна имплементација во сите релевантни области и да ја евалуираат ефикасноста на мерките преземени во редовни интервали, со учество на сите релевантни учесници;

2. да обезбедат оваа препорака, вклучително и насоките дадени во прилог, да бидат преведени и споделени колку што е можно повеќе и преку сите достапни средства меѓу компетентните власти и учесници, вклучително парламентите, независните власти, специјализираните јавни агенции, национални институции за човекови права и еднаквост, организации на граѓанско општество и приватниот сектор;

3. да обезбедат, преку соодветна легислатива, регулаторни и надзорни рамки поврзани со алгоритамските системи, чинителите од приватниот сектор вклучени во креирањето,

развојот и тековната употреба на таквите системи да бидат во согласност со применливите закони и да ги исполнуваат нивните одговорности во насока на човековите права во согласност со Водечките принципи на ОН за деловни активности и човекови права и релевантните регионални и интернационални стандарди;

4. да им овозможат на своите релевантни национални институции за надзор, следење, процена на ризик и спроведување на правото, неопходни ресурси и овластување за истражување, следење и координирање на усогласеноста со нивната легислатива и регулаторна рамка, во согласност со оваа препорака;

5. да се вклучат во редовни, инклузивни и транспарентни консултации, соработка и дијалог со сите релевантни учесници (како што се граѓанското општество, организациите за заштита на човековите права, приватниот сектор, академската и професионалната заедница, медиумите, образовните институции, јавните библиотеки, давателите на услуги во областа на инфраструктурата и основни јавни услуги, вклучително и службите за социјални работи и полицијата), посветувајќи посебно внимание на потребите и гласот на ранливите групи, во насока на осигурување на тоа дека влијанијата врз човековите права кои потекнуваат од креирање, развој и тековна употреба на алгоритамските системи се јасно следени, дебатирани и адресирани;

6. да дадат приоритет на експертизата во јавните и приватните институции вклучени во интегрирање алгоритамски системи во повеќе аспекти на општествата во насока на ефикасна заштита на човековите права;

7. да охрабрат и поттикнат имплементација на ефективни и скроени по мерка програми за медиумска, информатичка и дигитална писменост за да им овозможат на поединци и групи:

   a. да ги разберат функциите и распространетоста на системите кои употребуваат автоматизирано донесување одлуки,
   b. да донесуваат информирани одлуки за употреба на такви системи,
   c. да уживаат придобивки од употребата на алгоритамски системи, и
   d. да минимизираат изложеност на закани и ризици од употребата на такви системи,

   во ефективната соработка со сите релевантни учесници, вклучително од приватниот сектор, медиумите, граѓанското општество, образовните институции, и академските и технички институции;

8. да водат сметка за влијанието на развојот на опсежните дигитални услуги врз животната средина и да преземат неопходни чекори за оптимизација на употребата и користењето на природните ресурси и енергетиката;

9. редовно да ги ревидираат, во консултација со сите релевантни учесници, и да доставуваат извештаи на домашно ниво и во рамки на Комитетот на министри, за мерките преземени за имплементација на оваа препорака и соодветните насоки во поглед на подобрување на нивната ефикасност и прилагодување на развојните промени.

*Прилог на Препораката CM/Rec(2020)1*

**Водич за адресирање на влијанието на алгоритамските системи врз човековите права**

**А. Обем и контекст**

1. Овој Водич е изработен за советување на државите, и чинителите во јавниот и приватниот сектор, за сите нивни активности во насока на креирање, развој и тековна употреба на алгоритамските системи. Со цел да се осигура дека човековите права и основни слободи на сите индивидуи се ефикасно заштитени низ технолошкиот развој, онака како што е наведено во Европската Конвенција за човекови права („Конвенцијата“) и други релевантни договори, земјите-членки на Советот на Европа треба да се воздржат од повреди на човековите права преку користење на алгоритамски системи, и да изработат легислатива и регулаторни рамки кои го зајакнуваат опкружувањето каде сите чинители ги почитуваат и унапредуваат човековите права и се трудат да спречат можни повреди. Независно од обврските на државите и надлежностите, чинителите во јавниот и приватниот сектор имаат обврска да ги почитуваат меѓународно признаените човекови права.

2. Во контекст на оваа Препорака, „алгоритамски системи“ се апликации кои често користат техники со математичка оптимизација, вршат една или повеќе задачи како собирање, комбинирање, чистење, сортирање, класифицирање и мешање податоци, како и селектирање, приоритизирање, изработување препораки и подготвување одлуки. Потпирањето на еден или повеќе алгоритми за исполнување на барања во опкружувањето каде што се користат, алгоритамските системи ги автоматизираат активностите на начин кој дозволува креирање прилагодливи услуги во обем и во реално време.

3. Алгоритамските системи вообичаено работат со детектирање шеми во големи групи податоци, и нудат потенцијал за подобрување на вршењето услуги (посебно преку зголемена прецизност, таргетирање и конзистентност), овозможуваат нови решенија, и испорачуваат поврат на ефикасност и ефективност на задачи и системски перформанси. Системите водат кон огромни подобрувања во категоризација и пребарување на дигитални информации и го олеснуваат важниот напредок во поле како што е на приме медицинска дијагностика, транспорт и логистика, овозможувајќи пообемно и побрзо споделување информации глобално и овозможувајќи нови форми на соработка и координација. Како резултат, тие пермутираат многу аспекти на модерното човеково живеење.

4. Сепак, има и значителни предизвици по човековите права кои го придружуваат зголеменото користење алгоритамски системи во секојдневниот живот, како што се правото на правично судење; правото на приватност и заштита на податоци; правото на слободна мисла, свест и религија; правото на слободно здружување; правото на еднаков третман; и економските и социјални права. Функционалноста на алгоритамските системи често се базира на системска агрегација и анализа на собрани податоци преку дигитално следење во потребниот обем на онлајн и офлајн идентитет и однесување на поединци и групи. Дополнително на нарушувањето на приватноста на поединци и зголемениот потенцијал на високо персонализирана манипулација, следењето во потребен обем може да има сериозно неповолен ефект по ужувањето човекови права, што мора да се зема предвид низ целиот животен циклус на алгоритамските системи, од фаза на понуда натаму.

5. Додека често се расправа дека трошоците се компензираат со придобивките од аспект на рационализација и точност, важно е да се истакне дека повеќето алгоритамски системи се базираат на статистички модели во кои грешките се неизоставен дел, некогаш со циклично повторување на повратни информации кои одржуваат, реплицираат и ги засилуваат веќе постојните склоности, грешки и претпоставки. Иако можеби изгледа како поголеми групо податоци да нудат повеќе шанси за изнаоѓање периодични шеми и корелации, стапките на точност автоматски не се зголемуваат со големината на групит податоци. Како резултат на големиот број луѓе на кои им влијаат алгоритамските системи, бројот на грешки во форма на лажно позитивни и лажно негативни, и на луѓе на кои им влијаат таквите грешки и вградени склоности, ќе се прошират поттикнувајќи дополнително мешање со човековите права на најразлични начини.

6. Алгоритамските системи не обработуваат и генерираат излезни информации единствено базирани на лични податоци. Тие исто така работат врз основа на необсервациски и нелични податоци како што се симулациите, синтетичките податоци или генерализираните правила или процедури. Сепак, човековите права може да претрпат негативно влијание поради нивната употреба. Индивидуите и групите чии податоци не се обработени или кои инаку не се земени предвид може директно да бидат засегнати и значително да бидат под влијание, посебно кога алгоритамските

системи се употребуваат за информирање при подготвување одлуки, прилагодување препораки или формирање физичко опкружување.

7. Многу алгоритамски системи користат техники на оптимизација каде фазите на развој и имплементација се блиску поврзани. Секоја употреба на алгоритамскиот систем може да поттикне прилагодувања во неговото функционирање во поглед на усовршување на резултатите кои се базираат на тесен опсег на однапред дефинирани излезни информации. Таквите процеси може да формираат и нарушуваат опкружувања, посебно кога работат во потребен обем. Тие приоритизираат одредени вредности пред други, на пример генерални придобивки пред конкретни загуби. Ова вообичаено се случува на начини кои не се експлицитни, транспарентни, пресметливи или може да ги контролираат индивидуите кои се под нивно влијание, и кои може да генерираат неповолни ефекти, посебно за малцинства и маргинализирани или обесправени групи.

8. Со оглед на широката палета типови и примени на алгоритамски системи во секојдневниот живот, нивото на нивно влијание – позитивно и негативно – врз човековите права секогаш ќе зависи од специфичната цел за која истите се користат, нивната функционалност, точност, комплексност, нивните ефекти и опсегот на нивно користење. Нивното влијание исто така ќе зависи од поширокиот организациски, тематски, општествен и правен контекст во кој се користат, а секој од нив се поврзува со конкретни јавни и етички вредности. Примените се најразлични, како на пример за филтрирање спам е-маил, за аналитика на здравствени податоци, или за рационализирање на сообраќајниот тек. Алгоритамските системи исто така се користат во цели на прогнозирање во смисла на полициска и гранична контрола, за борба против перење пари и измами, или во трудови, работни и образовни средини, вклучително и како дел од процесите за регрутирање и избор на кадар во јавните и приватни тела.

9. При проценувањето можно негативно влијание врз човековите права кое доаѓа од креирање, развој или тековна употреба на алгоритамски систем, неопходно е да се евалуира во контунуитет и да се документира контекстот, правната основа, целта, точноста, нус појавите и обемот на употреба на системот. Наследените ризици од овие системи кои се на удар или збркани преку антагонистичко машинско учење или преку други средства (вклучително и кибер-напади) треба исто така да се земат предвид поради обемот, природата и можната вредност на податоците кои се обработуваат. Евалуацијата на степенот на можно влијание врз човековите права на еден алгоритамски систем треба да ја земе предвид сериозноста, обемот и изгледите за повреда на човековите права.

10. Кога алгоритамските системи имаат потенцијал да креираат неповолно влијание врз човековите права на една индивидуа, конкретна група или цела популација, вклучително и влијание врз демократските процеси или владеењето на правото, таквите влијанија подразбираат обврски на државите и одговорност на приватниот сектор во поглед на човековите права.

11. Во некои случаи, примената на алгоритамски систем може да предизвика конкретен, поголем ризик по човековите права, на пример поради тоа што го користат држави во обезбедувањето јавни услуги или за донесување јавни политики и поединците немаат можност да отстапат или да сносат негативни последици како резултат на одлуката да отстапат. Слично зголемен ризик следи и како резултат од употребата во цели за донесување одлуки, од јавни власти или приватни тела, во ситуации кои имаат посебна тежина или правни последици. На пример, употребата на алгоритамски системи во судството за правни анализи, прогнози или индивидуална процена на ризик мора да биде воведена со големо внимание и во согласност со загарантираното правично судење согласно член 6 од Конвенцијата. Во оваа препорака, поимот „висок ризик“ се применува кога се посочува употребата на алгоритамски системи во процеси или одлуки кои може да доведат до сериозни последици за индивидуи или во ситуации каде недостатокот на алтернативи води до посебно висока веројатност за повреда на човековите права, вклучително и воведување или зајакнување на можна неправедност.

12. Посебно внимание во процената на потенцијално негативното влијание врз човековите права – и соодветните прашања кои произлегуваат од таму а се однесуваат на распределување одговорности – заслужува широкиот спектар употреби на алгоритамски системи кои ниту се јасно јавни ниту приватни. Ова може да биде случај кога делови од јавните служби се доделени на надворешни даватели на услуги во приватниот сектор кои можеби самите зависат од други даватели на услуги, кога јавните тела набавуваат алгоритамски системи и услуги од приватниот сектор или кога една компанија користи алгоритамски систем со цел да оствари цели на јавната политика дефинирани од страна на државата.

13. Случаи каде функциите кои традиционално ги вршат јавни власти, на пример за транспорт или телекомуникации, стануваат целосно или делумно зависни од обезбедувањето алгоритамски системи од страна на приватни лица се исто така комплицирани. Кога таквите системи се

повлекуваат поради комерцијални причини, резултатот може да варира од намалување на квалитет и/или ефикасност до загуба на услуги кои се сметаат за неопходни за индивидуите или заедницата. Државите треба да планираат средства за непредвидени ситуации со цел да се осигура дека неопходните услуги ќе останат достапни без разлика од нивната комерцијална виабилност, посебно во услови кога чинителите во приватниот сектор доминираат на пазарот на начини кои ги ставаат во влијателна позиција или дури и во позиција на контрола.

14. Креирањето, развојот и тековната употреба на алгоритамски системи вклучува многу чинители, меѓу кои и софтвер дизајнери, програмери, извори на податоци, работници со податоци, сопственици, продвачи, корисници или клиенти, даватели на услуги од областа на инфраструктурата, и јавни и приватни чинители и институции. Дополнително, многу алгоритамски системи, дали се користат за цели на учење или не, работат со значителен степен на нејасност, некој пат и намерно. Дури и дизајнерот или операторот, кои вообичаено ја поставуваат севкупната цел и параметри на системот, вклучително и влезните податоци, целта на оптимизацијата и моделот, често нема да знаат на кои информации се потпира системот за подготвување одлуки, и веројатно е дека ќе се соочат со несигурности за директните и индиректните влијанија од системот врз корисниците и поширокото опкружување во кои овие системи би работеле.

15. Со оглед на комплексноста, неопходно е земјите-членки да бидат свесни за конкретните влијание на овие процеси врз човековите права, и дека секое инвестирање во такви системи содржи одреден буџет за непредвидени активности со цел ефективно следење, процена, ревидирање и надомест во случај на несакани ефекти или напуштање на процесите кои не успеваат да ги исполнат стандардите за човековите права, онаму каде што е потребно. Процедурите за управување со ризик треба да ги детектираат и спречат неповолните употреби на алгоритамските системи и нивните негативни влијанија. Земјите-членки треба да имаат претпазлив пристап и да бараат отфрлање на одредени системи во случај кога нивната употреба води до високи ризици од непоправливи штети или кога, поради нивната нејасност, човечката контрола и надзор стануваат неприменливи.

## В. Обврски на државите во насока на заштита и унапредување на човековите права и основни слободи во контекст на алгоритамски системи

### 1. Принципи на општа примена

1.1 **Легислатива:** Процесот на изработка, донесување и евалуирање политики и легислатива или регулатива применлива на креирање, развој и тековна употреба на алгоритамски системи треба да биде транспарентен, одговорен и инклузивен. Државите редовно треба да се консултираат со сите релевантни учесници и засегнати страни, дури и на секторско ниво, онаму каде што е тоа применливо. Државите треба да обезбедат применливост и спроведување на законите, барајќи од релевантните чинители да изработуваат соодветна документација со која би се потврдила правната усогласеност. Во случај кога чинителите од јавниот и приватниот сектор нема да успеат да ги исполнат своите правни должности, истите ќе бидат одговорни за тоа.

1.2. **Тековна ревизија:** Низ целиот животен циклус на еден алгоритамски систем, од фаза на понуда до евалуација на влијанијата од истиот, редовно треба да се прави процена на влијанијата врз човековите права на индивидуалните системи и нивната интеракција со други технологии. Ова е неопходно поради брзината и обемот со кои овие системи функционираат и брзиот развој на технолошката средина во која тие работат. Ова треба да се прави врз основа на обемни, ефективни консултации со оние кои се засегнати или за кои има изгледи да бидат засегнати од таквите системи.

1.3 **Демократско учество и свест:** Со цел да се обезбеди целосна примена на човековите права и демократски слободи, државите треба да ја зајакнат општата јавна свест за капацитетот, моќноста и последичните влијанија од алгоритамските системи, вклучително и нивната потенцијална употреба за манипулирање, експлоатација, измама или распоредување ресурси во насока на овозможување на индивидуи и групи да бидат свесни за нивните права и да знаат како истите да ги применуваат во пракса и како да користат дигитални технологии за нивни придобивки. Дополнително, сите релевантни чинители, вклучително и оние во јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор каде се планираат или веќе се употребуваат алгоритамските системи, треба да промовираат, охрабруваат и поддржуваат одредено ниво на медиумска, дигитална и информатичка писменост на по мерка скроен и инклузивен начин (земајќи ја предвид различноста во смисла на, на пример, возраст, род, раса, етничка припадност, културолошко и социо-економско потекло) што ќе овозможи компетентно и критичко разгледување и употреба на алгоритамските системи.

1.4 **Институционални рамки:** Државите треба да идентификуваат и/или развиваат соодветни институционални и регулаторни рамки и стандарди со кои се поставуваат општи и специфични

секторски референтни точки и заштитни механизми за обезбедување компатибилност на дизајн, развој и тековна употреба на алгоритамските системи со човековите права. Треба да се прават напори за да се осигура дека директните и индиректните ризици по човековите права, вклучително и можните кумулативни ефекти од различните системи, се навремено идентификувани и иницирана е соодветна акција за нивно санирање. Државите треба да инвестираат во креирање соодветна експертиза која би била достапна во соодветно опремени регулаторни и надзорни тела. Дополнително, треба да бидат во блиска соработка со независните тела, телата за еднаквост, националните институции за човекови права, универзитетите, организациите за поставување стандарди, операторите на услуги, креаторите на алгоритамски системи и релевантни невладини организации кои работат на најразлични теми, како на пример оние конкретно вклучени во одбраната на човековите права.

**2. Управување со податоци**

2.1 **Информатичко самоуредување:** Државите треба да се осигураат дека секое креирање, развој и тековна употреба на алгоритамски системи остава можност за индивидуите да бидат однапред информирани за поврзаната обработка на податоци (вклучително и целите и можните исходи) и да можат да ги контролираат своите податоци, меѓу другото и преку интероперабилност. Доброволни напори од страна на индивидуи и групи да бидат самите, нивното физичко опкружување или нивните активности неподобни за автоматизација или други форми на машинско читање или манипулирање, дури и по пат на правење нешто нејасно, треба да се смета за валидна примена на информатичко самоуредување, што е предмет на можни ограничувања потребни во едно демократско општество и загарантирани со закон.

2.2 **Групи податоци:** При креирање, развој, тековна употреба и набавка на алгоритамски системи за и од страна на државите, тие треба внимателно да ги проценат човековите права и правилата за недискриминација кои може да бидат засегнати поради квалитетот на податоци кои се внесуваат во или се екстрахираат од алгоритамскиот систем, бидејќи истите често се однапред определени и може да бидат замена за класификатори како на пример род, раса, религија, политичко мислење или социјално потекло. Потеклото и можните недостатоци на групите податоци, можноста за нивна несоодветна или надвор од соодветниот контекст употреба, негативните надворешни влијание кои резултираат од таквите недостатоци и несоодветни употреби како и опкружувањата во кои е можно да се користат групите податоци, исто така треба внимателно да се проценат. Посебно внимание треба да се посвети на наследените ризици, како на пример можната идентификација на индивидуи кои користат податоци кои претходно биле обработени врз основа на аноними или псевдоними, и генерирањето нови, произлезени, потенцијално осетливи податоци и форми на категоризација преку автоматизирани средства. Врз основа на таквите процени, државите треба да преземат соодветни активности за спречување и ефикасно минимизирање на несаканите ефекти.

2.3 **Инфраструктура:** Зголемената централизација на податоци и капацитети за обработка на податоци (вклучително и обработувањето „во облак“) и можноста за недостаток на избор во поглед на инфраструктурата може негативно да влијае на можноста на државите да се ослободат од нивните обврски по човековите права во согласност со Конвенцијата. Така, државите треба да го олеснат развивањето алтернативни, безбедни и сигурни инфраструктури со кои ќе се обезбеди висококвалитетна обработка на податоци и компјутерски капацитети ќе останат достапни за јавните и приватните чинители соодветно.

**3. Анализи и моделирање**

3.1 **Компјутерско експериментирање:** Државите треба да се осигураат дека компјутерското експериментирање кое има изгледи да предизвика значително влијание врз човековите права се спроведува само по направена процена на влијанието врз човековите права. Однапред треба да се побара од индивидуите кои учествуваат во експериментирањето доброволна, конкретна, информирана и јасна согласност со достапни средства за повлекување на истата. Експериментирањето креирано да произведе лажни и експолоатирачки ефекти треба да биде јасно забрането.

3.2. **Вградување заштитни механизми:** Државите треба да се осигураат дека алгоритамскиот дизајн, развој и тековна употреба во самиот дизјан содржат заштитни механизми за сигурност, приватност, заштита на податоци и безбедност, со цел спречување и олеснување на ризикот од повреда на човековите права и други несакани ефекти по индивидуите и општеството. Треба да се креираат шеми за сертификација врз основа на регионалните и интернационалните стандарди и да се применуваат со цел гаранција на потекло и квалитет на групите податоци и моделите. Таквите

заштитни механизми треба исто така да бидат составен дел од процесот за набавка и треба да бидат дел од и во согласност со регулаторните рамки кои забрануваат одредени употреби на алгоритамски системи.

3.3 **Тестирање:** Редовно тестирање, евалуација, известување и ревидирање во однос на најновите стандарди кои се однесуваат на комплетност, релевантност, приватност, заштита на податоци, други човекови права, неоправдано дискриминирачко влијание и прекршување на безбедноста пред, за време на и по производство и ставање во употреба треба да се составен дел од тестирањето, посебно кога автоматизираните системи се тестираат во опкружувања „во живо“ и даваат ефекти во реално време. Државите треба да вложат напори преку јавни, консултантивни и независни евалуации на законитоста и легитимноста на целта која треба да ја постигне или оптимизира системот, и неговите можни влијанија врз човековите права. Таквата евалуација треба исто така да е дел од процесот на набавка. Секое значително ограничување на човековите права кое е идентификувано во текот на тестирањето на системите треба да резултира со моментално санирање и, доколку тоа не успее, суспендирање на системот се додека не се изврши санирањето.

3.4 **Евалуација на групи податоци и надворешни карактеристики на системот:** Државите треба да се осигураат дека функционирањето на алгоритамските системи кои тие ги имплементираат е тестирано и евалуирано со соодветно внимание посветено на фактот дека излезните информации варираат согласно специфичниот контекст во кој се употребуваат и големината и природата на групата податоци која се користела како вежба за системот, меѓу другото и во поглед на склоноста и дисриминирачките излезни информации. Во зависност од можното влијание на алгоритамските системи врз човековите права, тестирањето треба, каде што е тоа опција, да се изврши без користење реални лични податоци на индивидуи и да се води преку различен и репрезентативен процес на учесниците, земајќи ги предвид надворешните карактеристики на предложениот систем во однос на населението и нивното опкружување, пред и по ставањето во употреба. Државите исто така треба да се свесни за можноста и ризикот примероците од тестирањето и излезните информации да се користат повторно во различен контекст од оној за кој системот бил првично креиран, вклучително и користење за развој на други алгоритамски системи. Ова не треба да се дозволи без ново тестирање и евалуација на соодветноста на таквите употреби.

3.5 **Тестирање на лични податоци:** Државите треба да се осигураат дека евалуацијата и тестирањето на алгоритамските системи на лични податоци на индивидуи се вршат со разновидни и доволно репрезентативни примери од населението. Релевантни демографски групи не треба да бидат ниту премногу ниту недоволно застапени. Државите исто така треба да се осигураат дека персоналот вклучен во таквите активности има доволно разновидно искуство со што би се избегнала случајна или намерна склоност. Дополнително, треба да се осигураат дека развојот на алгоритамски системи е прекинат доколку тестирањето или ставањето во употреба вклучува искажување ризици или трошоци по конкретни индивидуи, групи, населенија и нивните опкружувања. Релевантните правни рамки треба да дестимулираат такво искажување. Посебна грижа треба да се води во однос на тестирањето во опкружувања „во живо“.

3.6 **Алтернативни и паралелни пристапи:** Во однос на употребата на алгоритамски системи во испораката на јавни услуги и други високоризични контексти во кои државите користат такви технологии, методите како што се алтернативно или паралелно моделирање треба да се изведат со цел да се евалуира алгоритамскиот систем и соодветно да се тестираат неговите перформанси и излезни информации во споредба со други опции.

**4. Транспарентност, одговорност и ефикасни правни лекови**

4.1 **Нивоа на транспарентост:** Државите треба да воспостават соодветни нивоа на транспарентност во поглед на јавни набавки, употреба, дизајн и основни критериуми за обработка и методи на алгоритамските системи имплементирани од и за нив, но и од страна на чинителите во приватниот сектор. Правните рамки за интелектуална сопственост или деловни тајни не треба да исклучуваат таква транспарентност, ниту пак државите или приватните тела треба да бараат нивно експлоатирање за таа цел. Нивоата на транспарентност треба да се што повисоки и пропорционални на сериозноста на неповолните влијанија врз човековите права, вклучително и етички ознаки или печати за алгоритамските системи со кои ќе им се овозможи на корисниците да навигираат помеѓу системите. Употребата на алгоритамските системи во процесите за подготвување одлуки кои носат висок ризик по човековите права треба да се предмет на посебно високи стандарди во однос на објаснувањето на процесите и излезните информации.

4.2. **Можност за идентификација на алгоритмичко подготвување одлуки:** Државите треба да се осигураат дека сите процеси на селекција или одлуки подготвени или помогнати од страна на

алгоритамски системи кои може значително да влијаат на примената на човековите права, дали во јавна или приватна сфера, може да се идентификуваат и следат како такви при првата интеракција, на јасен и достапен начин.

4.3 **Можност за оспорување:** Засегнати индивидуи и групи треба да имаат ефикасни средства за оспорување одредени заклучоци и одлуки. Како неопходен предуслов, постоењето, процесот, начелото, резонирањето и можниот исход од алгоритамските системи на индивидуално и колективно ниво треба да бидат објаснети и разјаснети на навремен, непристрасен, јасно читлив и пристапен начин за индивидуите чии права или легитимни интереси може да бидат засегнати, како и за релевантните јавни власти. Оспорувањето треба да вклучува можност да се биде слушнат, можност за темелна ревизија на одлуката и можност да се добие неавтоматизирана одлука. Од ова право не може да се одрече, и треба да биде овозможено и лесно за ставање во сила пред, за време на и по ставањето во употреба, вклучително и преку овозможување лесно достапни места за контакт и посебни телефонски линии за таа цел.

4.4 **Консултации и соодветен надзор:** Државите треба да се осигураат дека соодветен надзор ќе се одржува преку соодветно опремени независни институции преку низа и различни видови оспорувања од страна на индивидуи или групи засегнати поради одредени алгоритамски системи кои се директно или индиректно имплементирани од нивна страна. Тие треба да се осигураат дека резултатите не само што ќе доведат до активности за санирање во одредени случаи, туку и истите ќе бидат воведени во самите системи со што ќе се избегне повторување на навредливи резултати, ќе се постигне подобрување и можен прекин во воведувањето или тековната употреба на одредени системи поради изгледи за негативно влијание врз човековите права. Информациите за вакви оспорувања и соодветни последователни активности треба да бидат редовно документирани и достапни за јавноста.

4.5 **Ефикасни правни лекови:** Државите треба да обезбедат еднакви, пристапни, достапни од финансиски аспект, независни и ефикасни судски и вонсудски процедури кои гарантираат независна ревизија во согласност со членовите 6, 13 и 14 од Конвенцијата на сите жалби за повреда на правата од Конвенцијата по пат на употреба на алгоритамски системи, без разлика дали доаѓаат од јавни или приватни чинители. Преку нивните правни рамки, државите треба да им овозможат на индивидуите и групите пристап до ефикасни, навремени, транспарентни и функционални и ефективни правни лекови за нивните жалби. Судскиот надомест треба да остане достапен и пристапен, кога внатрешните и алтернативните механизми за решавање спорови ќе се покажат како недоволни или кога било која од страните ќе посегне по судска ревизија или жалба.

4.6 **Бариери:** Државите треба да бидат проактивни во намалувањето на сите правни, практични или други соодветни бариери кои може да водат до одбивање на ефективниот правен лек за жалбите на директно или индиректно засегнатите индивидуи и групи. Тука е вклучена потребата да се обезбеди соодветно обучен персонал кој ќе биде достапен за компетентна ревизија на случајот и преземање ефикасни активности.

**5. Мерки на претпазливост**

5.1 **Стандарди:** Државите треба да соработуваат меѓу себе и со сите релевантни учесници меѓу кои и граѓанското општество, со цел изработка и имплементација на соодветни насоки (на пример, стандарди, рамки, индикатори и методи) за најсовремени процедури за процена на влијанието врз човековите права. Ваквите процедури треба да се спроведуваат за сите алгоритамски системи со потенцијално значителни влијанија по човековите права во било која фаза на животниот циклус, а сè со цел евалуација на можните ризици и поставување мерки, заштитни механизми и механизми за превенција или олеснување на такви ризици. Реалните опасности треба да се следат, посебно кога таквите системи се применуваат за нетаргетирани, истражни цели. Процената на влијанијата врз човековите права треба да биде задолжителна за сите алгоритамски системи кои носат високи ризици по овие права.

5.2 **Процена на влијанија по човековите права:** Државите треба да се осигураат дека тие, како и сите приватни чинители вклучени во работата со нив или во нивно име, редовно и со консултации прават процена на влијанието врз човековите права пред јавна набавка, за време на изработка, на постигнати цели и преку употребата во специфичен контекст со цел да се идентификуваат ризиците од несакани исходи по правата. Доверливоста или деловните тајни не треба да ја кочат имплементацијата на ефективните процени на влијанијата врз човековите права. Во случаи кога чинителите од приватниот сектор даваат услуги кои се потпираат на алгоритамски системи и кои се сметаат за неопходни во современото општество со цел ефикасно уживање на човековите права, земјите-членки треба да ја зачуваат изводливоста на идни алтернативни решенија и да обезбедат континуиран пристап до таквите услуги за засегнатите индивидуи и групи. За алгоритамски системи

кои носат високи ризици по човековите права, процената на влијанието треба да содржи евалуација на можни трансформации кои таквите системи може да ги имаат во постојни општествени, институционални структури или структури на владеење, и треба да содржи јасни препораки за спречување или ублажување на високи ризици по човековите права.

5.3 **Експертиза и надзор:** Државите треба да се осигураат дека секоја процена на влијание врз човековите права поврзана со високоризични алгоритамски системи е доставена за независна експертска ревизија и преглед. Онаму каде што е потребно за независен надзор треба да се идентификуваат и креираат процеси во низа. Процените на влијанија врз човековите права спроведени од или за државите треба да бидат јавно достапни, да содржат соодветен експертски придонес и ефективно да се следат. Ова може да биде поддржано со спроведување динамички методи на тестирање и пробна работа пред официјално пуштање во работа и со осигурување дека можно засегнатите индивидуи и групи како и релевантните експерти на темата се консултирани и вклучени како чинители со вистинска моќ за донесување одлуки во фазите на дизајн, тестирање и ревизија, онаму каде што е тоа применливо.

5.4. **Последователни активности:** Во услови кога со процена на влијанието врз човековите права се идентификуваат значителни ризици по човековите права кои не може да бидат ублажени, алгоритамскиот систем не треба да се имплементира или користи поинаку од страна на било кои јавни власти. Доколку ризикот е идентификуван во врска со алгоритамски систем кој веќе бил во употреба, неговата имплементација треба да се прекине бар додека не се преземат соодветни мерки за ублажување на ризикот. Идентификуваните повреди на човекови права треба веднаш да бидат адресирани и санирани, и треба да се преземат мерки за спречување понатамошни повреди.

5.5 **Управување со персоналот:** Државите треба да се осигураат дека членовите на персонал вклучени во набавка, развој, имплементација, процена и ревизија на алгоритамски системи со значително влијание врз човековите права се соодветно обучени во поглед на правилата за примена на човековите права и недискриминација и се свесни за нивната должност да обезбедат не само темелна техничка ревизија туку и усогласеност со човековите права. Применливите пракси при ангажирање персонал треба да ја земат предвид еднаквата родова застапеност и различните работни сили со цел унапредување на можноста за вклучување повеќе перспективи во процесот на ревизија. Таквите пристапи треба да бидат документирани со цел нивно промовирање не само во јавниот сектор. Државите исто така треба да соработуваат меѓу себе со цел споделување искуства и развој на најдобри пракси.

5.6 **Интеракција помеѓу системи:** Државите треба внимателно да следат подесувања каде повеќе алгоритамски системи работат во исто опкружување со цел да идентификуваат и спречат надворешни карактеристики, посебно кога меѓусебната зависност и интеракција бара претпазлив пристап. При испорачувањето јавни услуги, државите треба да користат механизми за набавка или ангажирање на приватни услуги целосно земајќи ја предвид потребата да се задржи надзор, знаење, сопственост и контрола на употребата на алгоритамски системи и нивната меѓусебна интеракција.

5.7 **Јавна дебата:** Државите треба да се вклучат во и да поддржуваат тековни, инклузивни, интердисциплинарни, информирани и јавни дебати со цел дефинирање на области каде јавните услуги кои влијаат врз примената на човековите права не може да се бидат дефинирани, одлучени или оптимизирани преку алгоритамски системи.

**6. Истражување, иновации и јавна свест**

6.1 **Технологија за унапредување на права:** Државите треба да промовираат развој на алгоритамски системи и технологии кои подобруваат еднаков пристап до, и уживање на човековите права и основни слободи преку користење иницијативи од области на даноците, набавките и друго. Ова може да вклучува развој на механизми за евалуација на влијанието на алгоритамските системи, развој на системи за адресирање на потребите на обесправените и недоволно застапени групи, како и чекори со кои ќе се овозможи одржливост на основите услуги преку аналогни средства, и како мерка за непредвидени трошоци и како ефикасна можност за индивидуите да се повлечат.

6.2 **Подобрување на јавните придобивки:** Државите треба да се вклучат во и да поддржуваат независни истражувања кои имаат за цел да го проценат, тестираат и унапредат потенцијалот на алгоритамските системи за креирање позитивни влијанија врз човековите права и подобрување на јавните придобивки, вклучително и преку овозможување интересите на маргинализираните и ранливи поединци и групи да бидат соодветно земени предвид и застапени. За ова може да биде потребно и поништување на влијанијата кои се можеби единствено во прилог на најкомерцијалните можни процеси за оптимизација, онаму каде што е тоа применливо. Државите треба да обезбедат соодветна заштита на укажувачите или други активности на вработените вклучени во развој или

тековна употреба на алгоритамски системи кои сметаат дека има потреба да ги известат регулаторите и/или јавноста за тековни или можни идни неуспеси да се задржат стандардите за човекови права во рамки на системите кои имаат задача да ги креираат.

6.3 **Иновации фокусирани на луѓето и одржливи иновации:** Државите треба да покренуваат иницијативи за технолошки иновации во согласност со постојните човекови права, вклуччително и социјални права и меѓународно признаени стандарди за работни односи и вработување. Конкурентноста на чинителите во приватниот сектор треба да ја водат напорите за исполнување на меѓународно прифатените цели за одржлив развој, посебно во поглед на екстрахирање и експлоатација на природни ресурси, и адресирање на постојните предизвици по животната средина и климатските услови.

6.4 **Независно истражување:** Државите треба да иницираат, охрабруваат и објавуваат независно истражување за следење на општествени импликации и импликации по човековите права на тековната употреба на алгоритамски системи. Дополнително, таквото независно истражување треба да го проучи развојот на ефективни механизми за одговорност и решенија за пропусти во постојните одговорности поврзани со неразбирливост, необјаснивост и соодветна неоспорливост на алгоритамските системи. Соодветни механизми треба да се стават во примена за да се гарантира непристрасност, глобална застапеност и заштита на истражувачи, новинари и академици вклучени во таквото независно истражување.

## C. Одговорности на чинителите во приватниот сектор во поглед на човековите права и основни слободи во контекст на алгоритамски системи

### 1. Принципи за општа примена

1.1 **Одговорност во поглед на човековите права:** Чинителите во приватниот сектор вклучени во дизајн, развој, продажба, употреба, имплементација и сервисирање на алгоритамски системи, дали во сферата на јавни или приватни дејности, мора да применуваат детални анализи во поглед на човековите права. Тие имаат одговорност да ги почитуваат меѓународно признаените човекови права и основни слободи на нивните клиенти и други страни засегнати од нивните активности. Оваа одговорност постои независно од можноста или волјата на државите да ги исполнат своите обврски во поглед на човековите права. Како дел од исполнувањето на оваа одговорност, чинителите во приватниот сектор треба да преземаат континуирани, проактивни и реактивни чекори за да се осигураат дека не предизвикуваат ниту пак придонесуваат кон злоупотреби на човекови права и дека нивните активности, вклучително и нивните иновативни процеси ги почитуваат човековите права. Треба и да посветат внимание на нивните одговорности кон општеството и вредностите на едно демократско општество. Секој напор направен за да се обезбеди усогласеност со човековите права треба да биде документиран.

1.2 **Обем на мерки:** Одговорноста на чинителите во приватниот сектор во поглед на човековите права и примената на соодветни мерки се применува без разлика на големината, секторот, оперативниот контекст, сопственичката структура или природа. Обемот и комплексноста на средствата преку кои тие ги исполнуваат нивните одговорности може да варираат во согласност со нивните ресурси и сериозноста на можното влијание што нивните услуги и системи го имаат врз човековите права. Во случаи каде различни групи чинители од приватниот сектор соработуваат и придонесуваат за можно мешање во човековите права, потребно е да се вложат напори од страна на сите партнери кои би биле пропорционални на нивните соодветни влијанија и можности.

1.3 **Дополниелни клучни стандарди:** Со оглед на хоризонталното влијание на човековите права и фактот дека дизајнот, развојот и тековната употреба на алгоритамските системи ангажира чинители од приватниот сектор во многу тесна соработка со јавните чинители, некои од клучните одредби наведени во Поглавје Б како обврски на државите се преточуаат во правни и регулаторни рамки на национално ниво и во корпоративни одговорности за чинителите во приватниот сектор. Без разлика дали е преземена соодветна регулаторна активност од страна на државите дополнително на следните одредби, чинителите во приватниот сектор треба да се држат до релевантните стандарди наведени во ставовите 1.2, 1.3, 2.1, 3.1, 3.3 и 4.2 од Поглавјето Б споменато погоре, во однос на тековна ревизија, демократско учество и свест, информативна независност, компјутерско експертиментирање, тестирање и препознавање на одлуки подготвени со алгоритми.

1.4 **Дискриминација:** Чинителите во приватниот сектор кои дизајнираат, развиваат или имплементираат алгоритамски системи треба да следат стандардна рамка за детална анализа на човековите права со што ќе се избегне зајакнување или втемелување на дискриминација низ целиот животен циклус на нивните системи. Треба да се трудат да се осигураат дека дизајнот, развојот и тековната употреба на нивните алгоритамски системи нема директно или индиректно

дискриминирачко влијание врз индивидуи или групи кои се засегнати од таквите системи, вклучително и оние со посебни потреби или инвалидитети или кои можеби се соочуваат со структурни нееднаквости во нивниот пристап до човекови права.

**2. Управување со податоци**

2.1 **Правила за согласност:** Чинителите во приватниот сектор треба да се осигураат дека индивидуите кои се засегнати од нивните алгоритамски системи се информирани и дека имаат избор да дадат и повлечат согласност во поглед на секое користење на нивните податоци, меѓу кои и во рамки на алгоритамски групи податоци, со тоа што двете опции би биле еднакво пристапни. Корисниците исто така треба да имаат можност да бидат информирани како се употребуваат нивните податоци, кое е реалното и можното влијание на предметните алгоритамски системи, како да се побунат за обработката на нивните податоци и како да ги оспорат и предизвикаат конкретните исходи. Правилата за согласност за користење на алатки за мерење на следење, чување и перформанси на алгоритамските системи мора да бидат јасни, едноставно формулирани и комплетни, и не треба да бидат скриени во рамки на условите за користење на услугите.

2.2 **Подесувања за приватност:** Чинителите во приватниот сектор треба да го помогнат правото на ефикасна заштита на приватноста на предметните податоци истовремено задржувајќи пристап до услугите, во согласност со сите релевантни стандарди за заштита на податоци. Можноста за избор од комплет подесувања за приватноста треба да биде јасно презентирата на лесно видлив, неутрален и разбирлив начин, за да ја олесни употребата на технологии за подобрување на приватноста. Стартните опции треба да водат единствено до собирање податоци кои се потребни за, и пропорционални на конкретна легитимна цел на обработка на податоците, додека подесувањата за следење треба да се подесат како стартни со можност за нивно откажување. Секоја примена на механизми за блокирање, бришење или затворање кориснички податоци, на пример за цели на безбедност, треба да биде придружена со загарантирани соодветни постапки и брзи правни лекови во случај на грешки или непропорционално користење податоци.

**3. Анализи и моделирање**

3.1 **Квалитет на податоци и модели:** Чинителите во приватниот сектор треба да бидат запознаени со ризиците во однос на квалитетот, природата и потеклото на податоците кои ги користат за пробување на нивните алгоритамски системи, во насока на осигурување дека грешките, склоностите и потенцијалната дискриминација во групите податоци и модели се соодветно адресирани во рамки на конкретен контекст.

3.2. **Одбран примерок од население:** Евалуацијата и тестирањето на алгоритамските системи во однос на личните податоци на индивидуите треба да се врши на доволно разновидни и репрезентативни одбрани примероци од населението, и да не се осврнува на или дискриминира некоја конкретна демографска група. Развојот на алгоритамски системи треба да биде прекинат или прилагоден доколку нивниот развој, тестирање или користење вклучува надворешни карактеристики на ризици или трошоци по одредени индивидуи, групи, населенија и нивните опкружувања.

3.3. **Безбедност на системи и податоци:** Чинителите од приватниот сектор треба своите алгоритамски системи да ги конфигурираат на начин што ќе спречи секаков нелегален пристап, дали од страна на нивниот персонал или од трети страни, секакво мешање со системот и несоодветна употреба на уреди, податоци и модели од трети страни, во согласност со применливите стандарди.

**4. Транспарентност, одговорност и ефективни правни лекови**

4.1 **Услови за користење:** Чинителите од приватниот сектор треба да се осигураат дека употребата на алгоритамски системи кои поттикнуваат значителни влијанија врз човековите права во рамки на производите и услугите кои ги нудат се познати за сите засегнати страни, без разлика дали станува збор за физички или правни лица, како и за севкупната јавност, на јасен и едноставен јазик и во пристапни формати. Условите за користење на услугите треба да се концизни, јасно разбирливи и да содржат јасен и концизен јазик за можностите на корисниците да управуваат со подесувањата. Треба да вклучуваат информации за достапни опции за промена на карактеристиките на системот, применливи механизми за жалби, разни фази на процедурата, точни надлежности на контакт местата, индикативни временски рамки и очекувани исходи. Сите засегнати страни, нови клиенти или корисници на производи и услуги чии правила за примена биле изменети и дополнети треба да бидат известени за релевантните промени, во формат лесно разбирлив за корисниците, и да се побара од нив да дадат согласност на измените, онаму каде што е тоа применливо. Неуспехот да се добие согласност не треба да води до недостапност на основните услуги.

4.2 **Оспорување:** Со цел да се олесни можноста за оспорување, чинителите од приватниот сектор треба да се осигураат дека човечките ревизори остануваат достапни и дека можен е директен контакт, вклучително и преку обезбедување лесно достапни контактни места и посебни телефонски линии. На индивидуите и групите треба да им се дозволи не само оспорување туку и давање предлози за подобрување и давање корисни повратни информации, меѓу кои и во поглед на области каде систематски е потребна човечка ревизија. Целиот релевантен персонал вклучен во справувањето со жалби од корисниците треба да има соодветно познавање од релевантните стандарди за човекови права и да има можност за редовни обуки.

4.3. **Транспарентност:** Чинителите од приватниот сектор треба да ги објават јавно информациите за бројот и видот на жалби поднесени од засегнати индивидуи или групи во врска со производите и услугите кои ги нудат, и исходите од жалбите, со цел да се осигура дека резултатите не само што водат до активности за нивно санирање во одредени случаи, туку се и воведени во самите системи за да се извлечат поуки од жалбите и да се исправат грешките пред да дојде до појава на масовна штета.

4.4 **Ефективни правни лекови:** Чинителите од приватниот сектор треба да се осигураат дека ефективни правни лекови и системи за решавање спорови, вклучително и механизми за колективен надомест се достапни онлајн и офлајн за индивидуи, групи и правни лица кои сакаат да го оспорат воведувањето или тековната употреба на еден систем со кој е можно да дојде до повреда на човековите права, или за санирање на повреди на правата. Обемот на достапни правни лекови не треба да биде ограничен. Доколку е потребно да се направи приоритизација и доколку задоцнетите реакции може да влијаат врз можноста за санирање, прво треба да се адресираат најсериозните влијанија врз човековите права. Секоја жалба треба да има можност за непристрасна и независна ревизија, и треба да се разгледува без непотребни задоцнувања и да се процесира со добра волја, почитувајќи ги загарантираните соодветни постапки. Релевантните механизми не треба да влијаат негативно врз можностите на жалителите да бараат обештетување преку независни национални механизми за ревизија, вклучително судски и регулаторни механизми. Во условите за користење услуги не треба да има одрекување од права или препораки за ефективен пристап до правни лекови. Бизнис здруженијата треба дополнително да инвестираат – во соработка со трговските здруженија – во основање модел механизми за жалби.

4.5 **Консултација:** Во врска со дизајнот, развојот, тековната употреба и евалуација на алгоритамските системи, како и механизмите за жалби, чинителите од приватниот сектор треба активно да учествуваат во разни процеси со корисничките здруженија, адвокатите за човекови права и други организации кои ги застапуваат интересите на индивидуите и засегнатите страни, како и со независните административни и регулаторни тела за заштита на податоци и друго.

**5. Мерки на претпазливост**

5.1 **Постојана евалуација:** Чинителите од приватниот сектор треба да креираат и документираат интерни процеси со кои ќе се осигура дека нивниот дизајн, развој и тековна употреба на алгоритамски системи се постојано евалуаирани и тестирани, не само за да се детектираат можни технички грешки туку и за потенцијално правно, општествено и етичко влијание што може да резултира од системите. Во случај кога примената на алгоритамски системи носи висок ризик по човековите права, вклучително и преку процедурата за микро-таргетирање кој самите може да го избегнат или ублажат, чинителите од приватниот сектор треба да имаат опција да ги известат и консултираат надзорните власти во сите области на надлежност со цел да побараат совет и насоки како да управуваат со таквите ризици, вклучително и преку редизајн на предметните услуги. Чинителите во приватниот сектор треба да ги достават таквите алгоритамски системи за редовна независна експертска ревизија и надзор.

5.2 **Обука за персоналот:** Сите релевантни членови вклучени во проценката на влијанието врз човековите права треба да бидат соодветно обучени и свесни за нивните одговорности во смисла на човековите права, вклучително но не ограничено на, применливите стандарди за заштита на личните податоци и приватноста.

5.3 **Процена на влијание врз човековите права:** Проценката на влијанието врз човековит права треба да се направи во што е можно поотворена форма и со активна вклученост на засегнатите индивидуи и групи. Во случај на употреба на високоризични алгоритамски системи, резултатите од проценката на влијанието врз човековите права, идентификуваните техники за намалување на ризик и релевантните процедури за мониторинг и ревизија треба да бидат јавно достапни, без пристрасност за тајноста која е заштитена со закон. Во случај кога треба да се применат правила на тајност, секоја доверлива информација треба да биде дадена во посебен прилог кон извештајот од проценката. Таквиот прилог треба да биде достапен за релевантните надзорни власти.

5.4 **Последователни активности:** Чинителите од приватниот сектор треба да овозможат соодветни последователни активности по нивните процени на влијанието врз човековите права така што ќе преземат соодветни активности врз основа на наодите до кои е дојдено низ текот на целиот животен циклус на алгоритамскиот систем и мониторинг на ефикасноста на одговорите, со цел одбегнување или ублажување на неповолните влијанија врз и ризици по примената на човековите права. Идентификуваните неуспеси треба да бидат корегирани колку што е можно побрзо и поврзаните активности да бидат суспендирани онаму каде што е тоа соодветно. Ова бара редовни и континуирани проверки на квалитетот и ревидирање во реално време низ фазите на дизајн, тестирање и употреба. Дополнително потребно е редовно консултирање со засегнатите индивидуи за мониторинг на алгоритамските системи и нивните влијанија врз човековите права во контекст и *in situ,* и соодветно и навремено корегирање грешки и штети. Ова е посебно важно со оглед на ризикот од недостаток на повратни информации што може да ги вложи и вкорени неповолните влијанија врз човековите права.

**6. Истражување, иновации и јавна свест**

6.1 **Истражување:** Чинителите од приватниот сектор треба да се вклучат, да финансираат и да објавуваат истражувања спроведени во согласност со истражувачката етика, и кои целат кон проценување, тестирање и унапредување на потенцијалот на алгоритамските системи за креирање позитивни вљанија врз човековите права и за унапредување на придобивките за јавноста. Тие исто така треба да поддржуваат независни истражувања со иста цел и со почитување на интегритетот на истражувачите и истржувачките институции. Ова може да го засега развојот на механизми за евалуација на влијанието на алгоритамските системи, и развојот на алгоритамски системи да ги адресира потребите на обесправените и недоволно застапени популации. Чинителите од приватниот сектор треба да најдат ефикасни канали за комуникација со локалните групи од граѓанското општество, посебно во географски области каде загриженоста за човековите права е голема, сè со цел да се идентификуваат и да се одговори на можните ризици поврзани со употребата на алгоритамските системи.

6.2 **Пристап до податоци:** Со цел анализирање на влијанието на алгоритамските системи и дигиталните услуги врз примената на правата, на мрежите за комуникација и на демократските системи, чинителите од приватниот сектор треба да го прошират пристапот на соодветни страни, посебно на независни истражувачи, медиуми и организации на граѓанското општество до релевантни поединечни податоци и мета-групи податоци, вклучувајќи и пристап до податоци класифицирани за бришење. Овој проширен пристап треба да биде со целосно почитување на правно заштитените интереси, како и со применливите правила за приватност и заштита на податоци.

© 2020 Совет на Европа. Сите права се задржани. Правата на користење ги има Европската Унија под одредени услови. Ниту еден дел од публикацијата не смее да се преведува, репродуцира или пренесува, во кој било облик или со кое било средство, електронско (ЦД-ром, Интернет, итн.) или механичко, вклучително и фотокопирање, снимање или каков било систем за складирање или повлекување на податоци, без претходно писмено одобрение од Директоратот за комуникации (F-67075 Стразбург Цедекс или publishing@coe.int).

Советот на Европа е водечка организација за човековите права на континентот. Таа се состои од 47 држави членки, вклучувајќи ги сите држави членки на Европската Унија. Сите држави членки на Советот на Европа ја потпишаа Европската конвенција за човекови права, која претставува меѓународен договор за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права ја следи примената на оваа конвенција од страна на државите членки.

**www.coe.int**

Земјите членки на Европската Унија одлучија да ги поврзат своите знаења, ресурси и судбини. Заедно тие изградија зона на стабилност, демократија и одржлив развој, истовремено одржувајќи ја културната разновидност, толеранцијата и индивидуалните слободи. Европската Унија се залага за споделување на своите достигнувања и вредности со држави и народи надвор од нејзините граници.

**www.europa.eu**

*Овој превод е изработен со средства од заедничката програма на Европската Унија и Советот на Европа. Туканаведените мислења нужно не го одразуваат официјалното гледиште на Европската Унија.*

Превод кофинансиран од Европската Унија

ЕУ со ТЕБЕ

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE